# 38. ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023

## STIP CULTURAL SUMMER



Дејан Лазаревски



Александра Кировска



Давид Костов



Георѓи Трајков

## 30. ЈУНИ (ПЕТОК)

## КОНЦЕРТ НА КЛАСИЧНА ГИТАРА

### УГ„БЕЗИСТЕН"

### 20.30 ЧАСОТ

**ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ** вонреден професор на Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија;

РОДЕН 1986 ГОДИНА ВО ШТИП. ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ ГО ЗАВРШИЛ ВО РОДНИОТ ГРАД ВО ДРЖАВНИОТ МУЗИЧКИ УЧИЛИШЕН ЦЕНТАР „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ" - ШТИП. СТУДИИТЕ ГИ ПРОДОЛЖИЛ НА ОТСЕКОТ ЗА КЛАСИЧНА ГИТАРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ СВ."КИРИЛ И МЕТОДИЈ", ВО СКОПЈЕ, ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. ВОЈИСЛАВ ИВАНОВИЌ, А ГИ ЗАВРШУВА ВО КЛАСАТА НА ПРОФ.ТАЊА ЈАНКОВА, КАДЕ ШТО И МАГИСТРИРА. ВО ТЕКОТ НА СВОЕТО ОБРАЗОВАНИЕ М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ ЗЕМА УЧЕСТВО НА МНОГУ ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ, КАДЕ ШТО ОСВОЈУВА ВИСОКИ НАГРАДИ. ИМА УЧЕСТВУВАНО НА ПОВЕЌЕ РАБОТИЛНИЦИ И СЕМИНАРИ ОДРЖАНИ ОД СТРАНА НА ПОВЕЌЕ ЕМИНЕНТНИ ПРОФЕСОРИ ОД СВЕТСКИ РАНГ, КАКО ШТО СЕ: ВЕРА ОГРИЗОВИЌ, КОСТАС КОТСИОЛИС, ГЕРХАРД РАЈХЕНБАХ, БОШКО РАДОЈКОВИЌ И ДРУГИ. МОМЕНТАЛНО Е РЕДОВЕН ПРОФ. ПО ГИТАРА ВО ДМУЦ "СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ" –ШТИП,И РАБОТИ КАКО ХОНОРАРЕН ПРОФЕСОР СО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УГД ШТИП. ЛАЗАРЕВСКИ ИМА НАСТАПУВАНО НА МНОГУБРОЈНИ КОНЦЕРТИ, КАКО СОЛИСТ И КАМЕРЕН МУЗИЧАР ВО РАЗЛИЧНИ СОСТАВИ КАКО ВО ЗЕМЈАВА ТАКА И ВО СТРАНСТВО.

**ГЕОРГИ ТРАЈКОВ**

РОДЕН 1997 ГОДИНА ВО СТРУМИЦА. ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ СТЕКНУВА ВО СТРУМИЦА ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. М-Р ВАСКО ПИЛИЧЕВ. СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ГО ПРОДОЛЖУВА ВО ДМБУЦ „ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ - ЛУЈ" ВО СКОПЈЕ И ДИПЛОМИРА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. М-Р ДАРКО БАГЕСКИ.ВО ТЕКОТ НА СВОЕТО ШКОЛУВАЊЕ УЧЕСТВУВА НА ПОВЕЌЕ ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ВО МАКЕДОНИЈА, БУГАРИЈА, СРБИЈА, ХРВАТСКА, АВСТРИЈА, ГЕРМАНИЈА И ИТАЛИЈА КАДЕ ШТО ИМА ОСВОЕНО 7 ПРВИ, 4 ВТОРИ И 5 ТРЕТИ НАГРАДИ.УЧЕСТВУВА НА ПОВЕЌЕ ЛЕТНИ ШКОЛИ ЗА ГИТАРА, ЗИМСКА ШКОЛА ЗА ГИТАРА ВО СУБОТИЦА И АКАДЕМИЈА ЗА ГИТАРА ВО ОХРИД. УЧЕСТВУВА НА КОНЦЕРТИ ОДРЖАНИ ПО РАЗЛИЧНИ ПОВОДИ ВО ШПАНСКАТА, ИТАЛИЈАНСКАТА И ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДА.ВО ТЕКОТ НА СТУДИИТЕ РЕДОВНО УЧЕСТВУВА НА КОНЦЕРТИТЕ ОРГАНИЗИРАНИ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ.АКТИВНО ПОСЕТУВА МАСТЕР ЧАСОВИ КАЈ ЕМИНЕНТНИ ПРОФЕСОРИ: XHEVDET SAHATXHIJA, TOMAS OFFERMAN, ZORAN KRAJISNIK, SRDJAN TOSIC, GEORG SCHMITZ, JOHANES MOLLER, ROBERTO FABRI, FRANCISKO MORAIS FRANCO, GORAN LISTEZ, JORGOS PANETSOS, ZORAN ANIC, IAN COUDELAC, OMAN KAMINSKI, KOSTAS KOTSIOLIS.

**АЛЕКСАНДРА КИРОВСКА**

РОДЕНА 2001 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ. УШТЕ ОД НАЈРАНА ВОЗРАСТ ПОКАЖУВА ПОСЕБНИ АФИНИТЕТИ ЗА ИНСТРУМЕНТОТ ГИТАРА ВО КЛАСА НА ПРОФЕСОРКАТА ТАЊА ЈАНКОВА. СРЕДНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗАВРШУВА ВО ДМБУЦ "ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ ЛУЈ" ВО КЛАСА НА ПРОФ БОРЧЕ НАУМОСКИ. ВО 2017 НА ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР Е ИЗБРАНА ЗА НАЈДОБАР ИНСТРУМЕНТАЛИСТ-СОЛИСТ. ДОБИТНИК Е НА ПРВИ НАГРАДИ ПО СОЛФЕЖ И ГИТАРА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ. ВО 2019 ГОДИНА Е ИЗБРАНА КАКО НАЈМЛАД УЧЕСНИК НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ „САРАЕВСКА ЗИМА" ВО САРАЕВО. ИСТАТА ГОДИНА Е ДОБИТНИК НА ПРВА НАГРАДА НА МЕЃУНАРОДНИОТ НАТПРЕВАР „ПОЛИХИМНИА". ОДРЖУВА НЕКОЛКУ СОЛИСТИЧКИ РЕЦИТАЛИ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА, КАКО И ВО ТУРЦИЈА, КОИ НАИДУВААТ НА ОДЛИЧНИ КРИТИКИ. ВО 2019 ГОДИНА НАСТАПУВА ВО CLAVIERHAUS ВО NEW YORK. ВО МОМЕНТОВ Е ТРЕТА ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УГД, ШТИП ВО КЛАСА НА ПРОФ ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ. НАСТАПУВА НА ГОЛЕМ БРОЈ КОНЦЕРТИ, НАТПРЕВАРИ, СЕМИНАРИ, МАСТЕР ЧАСОВИ КАЈ ПРОФЕСОРИТЕ СРЃАН ТОШИЌ, СЛОБОДАН МИЛИВОЈЕВИЌ, РОСЕН БАЛКАНСКИ, ДРИЛОН ЧОЧАЈ, СТОЛИНА ДОБРЕВА, НИКЛАС ЈОХАНСЕН.

**ДАВИД КОСТОВ**

РОДЕН 2007 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ. ПРВИОТ КОНТАКТ СО ГИТАРАТА ГО ОСТВАРУВА СО ПРОФ. МИЛЕ КАРОВСКИ ВО 2019 ГОДИНА НА ВО ПЕРИОД ОД ЕДНА ГОДИНА УСПЕШНО ГИ СОВЛАДУВА ТЕХНИКИТЕ НА КЛАСИЧНАТА ГИТАРА И ЗАПОЧНУВА СО УЧЕСТВО НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ КАДЕ ШТО ОСВОЈУВА БРОЈНИ НАГРАДИ. СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ГО ЗАПОЧНУВА ВО ДМБУЦ ,"ИЛИЈА НИКОЛОВСКИ- ЛУЈ" ВО СКОПЈЕ, ОТСЕК КЛАСИЧНА ГИТАРА ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. ЉУБОМИР НАЌЕВСКИ, А СЕГА Е УЧЕНИК ВО ВО ВТОРА ГОДИНА ВО ДМУЦ "СЕРГЕЈ МИХАЈОВ" ВО ШТИП ВО КЛАСАТА НА ПРОФ.М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ. НАДВОР ОД СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ АКТИВНО РАБОТИ И ПОСЕТУВА ЧАСОВИ КАЈ ПРОФ. XHEVDET SAHATXHIJA. АКТИВНО УЧЕСТВУВА НА УЧИЛИШНИ КОНЦЕРТИ ВО СКОПЈЕ И СТРУМИЦА, КАКО И СОЛО РЕЦИТАЛ НА НАСТАН ОРГАНИЗИРАН ОД АМБАСАДАТА НА ЈАПОНИЈА ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА. ВО ПЕРИОД ОД ТРИ ГОДИНИ УСПЕШНО СЕ ПРЕТСТАВУВА СЕБЕ И СВОИТЕ МЕНТОРИ НА ПОВЕЌЕ ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ (РОМАНИЈА, БУГАРИЈА, СРБИЈА, КОСОВО, ОБЕДИНЕТОТО КРАЛСТВО) НА КОИ ОСВОЈУВА БРОЈНИ НАГРАДИ ОД КОИ 4 ПРВИ НАГРАДИ, 3 ВТОРИ И 2 ТРЕТИ НАГРАДИ.

**ПРОГРАМА**

1. М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ,АЛЕКСАНДРА КИРОВСКА,ДАВИД КОСТОВ И ГЕОРГИ ТРАЈКОВ(КВАРТЕТ ИЗВЕДБА)
-"TANGO" - ДИТЕР КРАЈДЛЕР,

2. ПРОФ.М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ (СОЛИСТ)
-"CAFÉ 2 TEAR PRELUDE" - ВОЈИСЛАВ ИВАНОВИЌ,"CAFÉ 4 A FUNNY VALSE" - ВОЈИСЛАВ ИВАНОВИЌ,

3. АЛЕКСАНДРА КИРОВСКА (СОЛИСТ)
-"GAVOTTE 1&2" (ОД СВИТА 995) - ЈОХАН СЕБАСТИЈАН БАХ.
-"SONATA MEXICANA - ANDANTINO AFFETUOSO" –МАНУЕЛ МАРИА ПОНС.

4. ДАВИД КОСТОВ И ГЕОРГИ ТРАЈКОВ (ДУЕТ)
-"DANZA CUBANA" -ХЕИТОР ВИЛА-ЛОБОС.

5. ДАВИД КОСТОВ (СОЛИСТ)
-"ANDANTE, ALLEGRO" BWV 1003" - ЈОХАН СЕБАСТИЈАН БАХ

6. ГЕОРГИ ТРАЈКОВ (СОЛИСТ)
-"UN DIA DE NOVIEMBRE' -ЛЕО БРОУЕР,
-"TANGO EN SKAI" - РОЛАНД ДИЕНС

7. .М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ,АЛЕКСАНДРА КИРОВСКА,ДАВИД КОСТОВ И ГЕОРГИ ТРАЈКОВ(КВАРТЕТ ИЗВЕДБА)
- "DANZA DA SAUDADE" - ДИТЕР КРАЈДЛЕР

8.М-Р ДЕЈАН ЛАЗАРЕВСКИ,АЛЕКСАНДРА КИРОВСКА,ДАВИД КОСТОВ И ГЕОРГИ ТРАЈКОВ(КВАРТЕТ ИЗВЕДБА)
-"HISTORIA DE UN AMOR" - КАРЛОС ЕЛЕТА АЛМАРАМ

ОПШТИНА ШТИП
MUNICIPALITY OF STIP